**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Државен просветен инспекторат**
**Број: 09- 33/3**
**30.05.2024 година**
**Битола**

| **ОУ„Гоце Делчев“Демир Хисар** | |
|---|---|
| Конечен извештај од извршена интегрална евалуација | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | Од 09 до 12.10.2023 година |
| **Број на извештај:** | 9/пелагониски/2023 |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Жаклина Наумовска |
| **Вид на училиштето:** | основно училиште |
| **Број на ПУ** | 6(шест) |
| **Основач на училиштето:** | Општина Демир Хисар |
| **Наставен јазик:** | македонски јазик |
| **Број на ученици:** | 360 |
| **Полова структура на ученици:** | 189 машки и 171 женски |
| **Број на наставници:** | 46 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Анета Велевска |
| **ВД Директор на училиштето:** | Валентина Димоска |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | Од 05 до 07.03.2018 година |
| **Адреса на училиштето:** | Ул,, Битолска“бб Демир Хисар |
| **Телефон:** | (+389) 47 276 331, |
| **Факс:** | (+389) 47 202 481 |
| **e-mail:** | gocedelcevdh@t-home.mk |
| **Оценка од ИЕ** | **3.28 Добро** |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/2005) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006)

# РЕЗИМЕ

Врз основа на Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат (ДПИ) и Законот за Просветна инспекција од 09 до 12.10.2023 година, тим од (тројца) 3 државни просветни инспектори, спроведе интегрална евалуација во основното општинска училиште „Гоце Делчев” од Демир Хисар. Во текот на тридневната посета, државните просветни инспектори имаа средба со претставници од Училишниот одбор, Наставничкиот совет, Советот на родители и Училишната заедница. Се изврши посета во подрачните училишта и беа посетени наставни часови кај наставницикако во централното исто и во ПУ кои реализираа настава во деновите кога се спроведуваше интегралната евалуација.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи , посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира деka работата во ООУ „ Гоце Делчев” од Демир Хисар е **3.28 добро.**

Воспитно образовната работа во ООУ„Гоце Делчев“ –Демир Хисар се остварува врз основа на наставните планови и програми за деветгодишно основно образование , наставните програми по Кембрич (математика и биологија од VII одделение до IX одделение како и хемија и физика во VIII одделение и IX одделение ) , како и за учениците од I до VI одделение по Концепцијата за основно образование. Применуваните наставни планови и програми се во согласност со програмските документи кои се изготвени од Бирото за развој на образованието и одобрени од Министерот за образование и наука.

Изборот на наставните предмети од листите на изборни предмети од наставниот план го избираат учениците во согласност со нивните родители.

За развивање на различните интереси на учениците, во основното училиште се организираат воннаставни активности согласно Концепцијата за воннаставни активности .Учениците во воннаставните активности се вклучуваат доброволно.

Училиштето изготвува полугодишни и годишни извештаи во кои се дадени податоци за постигањата на учениците според пол, образовни периоди, паралелки и наставни предмети..Изготвените анализи покажуваат дека средниот успех на учениците за последните три учебни години изнесува: 4,06 за учебната 2020/2021 година , 3.93 за учебната 2021/2022 година и за учебната 2022/2023 средниот успех е 4,07.

Во училиштето се спроведува советување на родители од страна на психологот после секој одделенски совет за што се води уредна евиденција.

Во последните три години имаат учество и освоено награди на општински, регионални државни и мегународни натпревари .

Училиштето ги опфаќа учениците од својот реон. Постапката за премин на ученици од едно во друго училиште се почитува во целост..

Во однос на оценување по поведение во последните три години сите ученици се оценети со Примерно поведение.

Во училиштето во последните три учебни години нема ученици кои ја повторувале годината.

Во училиштето постојат приоди за планирање на наставата и воннаставните активности, додатна , дополнителна настава односно кога сите наставници треба планирањата да ги предадат кај стручната служба .

Сите наставници изготвуваат годишни , тематски планирања и дневни подготовки, додека наставниците од I до VI одделение изготвуваат годишна програма , неделни планирања и сценарио за наставен час. Планирањата на наставници ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на наставата. Освен за редовната настава наставниците имаат изготвено планови за додатна настава, дополнителна настава, и според според потребите и планирања за слободни ученички активности. За наставните предмети: математика и биологија од VII одделение до IX

одделение како и хемија и физика во VIII одделение и IX одделение се користат адаптираните наставни програми од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ.

Поголем број од наставниците се трудат да реализираат наставата интерактивно применувајќи различни наставни форми и методи, техники на учење, техники на оценување , но во училиштето преовладува традиционална настава. Тие се трудат да работат со учениците индивидуално, во група, во парови или со целата паралелка. .

Училиштето има процедура за следење на наставниот процес од страна на директорот и стручната служба. Најмалку по еднаш во полугодие сите наставници се посетуваат.

Дополнителната и додатната настава и слободните ученички активности се реализираат согласно планирањата, афинитетите и потребите на учениците.

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна средина за учење.

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците се обучени за примена на стандарди во оценувањето, но не сите наставници имаат изработено сопствени критериуме за оценување кои се предаваат кај стручната служба во училиштето.

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и го применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за постигањата на учениците и давање повратна информација на родителите и учениците за оценката. Наставниците редовно ги ажурираат податоците во Е – Дневникот.

Инфраструктурата во училишната зграда е добра, безбедна и нема место што претставува потенцијална опасност од повреда на учениците. Наставата се изведува во училници и кабинети, кои ги задоволуваат училишните стандарди.

Условите за реализација на настава во прво одделение во градинката „2 Септември“- Демир Хисар се безбедни.

Не е организиран е дневен престој.

Во соработка со општината е организиран превоз за 102 ученици од подрачните училишта.

За 3 ученици со посебни потреби училиштето обезбедило 2 образовни асистенти.

За талентирани и надарени ученици училиштето организира различни проекти, ги вклучува во секции и други активности. За ученици со потешкотии во учењето редовно се спроведува дополнителна настава.

За оваа учебна година сите училишни објекти се осигурани и училиштето има спроведено постапка за осигурување на вработените лица и учениците. Во училиштето има обучено 3 вработени лица за давање на прва помош на лица при несреќи и на 3 места има материјал за давање на прва помош. Училиштето има изготвено План на мерки и активности за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи..

Училишните објекти се под видео надзор Во мај минатата учебна година, изведена е симулација за постапување во случај на сообраќајна незгода.

Во 2021 год. во училиштето се спровело обука на вработените за заштита при работа. Громобранската инсталација е проверувана во 2022 година, и истата е во исправна состојба.Во училиштето има 3 хидранти во основното училиште и 1 хидрант во ПУ с. Суводол. Училиштето располага со 15 против пожарни апарати, кои се сервисирани во октомври 2023 година. Во училиштето има 4 обучени вработени оспособени за превземање на мерки за заштита од пожари и стручно учество во случај на пожар.

Пристапот во училишната зграда само во Демир Хисар е прилагоден за влез на лица со физички хендикеп.

За време на одморите се организираат дежурства по ходниците, од страна на наставниците по изготвен распоред, кој е истакнат на видно место.

Во училиштето нема организирана исхрана за учениците. Училиштето води политика за забрана на пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на

наркотични средства. Во училишната зграда има истакнати забрани за пушење, алкохол и наркотици.

Училиштето има Куќен ред. Донесени се Кодекси на однесување на ученици, родители и наставници за време на наставата.

Во училиштето се забранува секаков вид на насилство.

Во текот на оваа учебна година е извршена дезинфекција, дезинсекција и дератизација.

Во состав на Годишната програма за работа на училиштето е и Програмата за грижата за здравјето на учениците, во која се планираат и потоа се реализираат редовните активности Согласно календарот за здравствена заштита на учениците, се организираат редовни систематски прегледи (систематски прегледи за учениците од I и VII одделение) и вакцини за учениците, кои се вршат во Здравствениот дом во Демир Хисар.

За наставниот кадар, на почетокот на секоја учебна година се вршат санитарни прегледи, за кои прегледи се водат санитарни книшки. Се вршат и редовни систематски прегледи (на две години), за кои прегледи училиштето добива повратна информација за работната способност на вработените.

Во состав на Годишната програма за работа на училиштето е Програмата за професионална ориентација на учениците.

Со учениците од деветто одделение, се организираат активности од Професионална ориентација, а во соработка со АВРСМ. Средните училишта, при посета на училиштето, преку презентации, флаери и брошури ги запознаваат учениците со програмите кои се реализираат во средното образование. Училиштето располага со тим и програма за грижа за ученици со емоционални потешкотии. Идентификувани се случаи на ученици со емоционални потешкотии, со кои во училиштето добро се спроведуваат соодветни мерки.

Училиштето во своето опкружување е препознатливо по својот наставен кадар, по постигањата на учениците во воннаставните активности, добрата клима и односи, добрата интеракција наставник-родител, како и успехот на учениците кој го задржуваат и во средно образование.

Училиштето е инклузивно, се грижи за здравјето на сите ученици, ги негува родовата еднаквост и мултикултурализмот, ги поттикнува и ги вклучува поголемиот број од учениците и дел од родителите во училишниот живот. Наставничкиот кадар е доста почитуван од страна на учениците и родителите.

Ученичката заедница е демократски формирана на сите нивоа. Учениците сметаат дека се вклучени во донесувањето одлуки за прашања што се од нивен непосреден интерес. Претседателот на ученичката заедница и ученикот -правобранител по претходна покана присуствуваат на седниците на наставнички совет и на Училишен одбор.

Училиштето многу добро презема активности за да ги промовира постигањата на учениците. Најголемиот број наставници го користат пофалувањето како начин на мотивирање за поголеми постигања и тоа во одделението, на одделенските совети и на наставнички совет.

Промовирањето на постигањата на учениците во рамки на училиштето се врши со доделување на пофалници и награди на учениците што постигнале високи резултати на натпревари, Надвор од училиштето, постигањата на учениците се промовираат преку училишната web страна (http://gocedelcev.edu.mk), училишниот весник „Бисери“, и преку фејсбук профилот на училиштето, како и преку учество на ученици на разни натпревари, конкурси, хуманитарни, културни акции и други воннаставни активности. Училишните постигања се објавуваат и на официјалната страна на општина Демир Хисар.

Училиштето активно е вклучено во животот на општината преку спроведување на многубројни заеднички активности во соработка со јавните установи во општината, како и проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата.

Училиштето добро соработува со деловната заедница во насока на обезбедување на средства за подобрување на условите за работа на училиштето и за реализирање на воннастаните активности. Таков е примерот со фирмата „Сокотаб“.

Партнерскиот однос со родителите, со локалната и деловната заедница е добар.

Опременоста на училиштето со наставни нагледни средства и други технички помагала е добра.

Во библиотеката работи еден наставник одделенска настава. Библиотечна евиденција се води со картотека и електронски. Евиденцијата е целосна .

Наставниците имаат Лична професионална програма и професионални досеја.

Вреднувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби се врши преку посета на часови од страна на директорот, педагогот и психолог , увид во планирањата, и преку активностите на стручните активи. Во оваа учебна година има извршено посета на часови. Од страна на стручната служба извршен е увид во комплетирањето и припремите на годишните и тематско процесните планирања.

Директорот во рамките на можностите и планирањата обезбедува финансиска поддршка за професионалниот развој на наставниците, за учество на семинари и обуки.. Обуки наставниците посетуваат и на сопствен трошок или доколку истата е обезбедена од организаторот.

Училиштето има план за дисеминација на знаењата стекнати од едукациите на наставниците.

Во училиштето се врши континуирано стручно усовршување на наставниците за подобрување на стручните компетенции во одделенска и предметна настава, но како недостаток се дава акцент на инклузивните процеси за работа со ученици со посебни образовни потреби, за кои наставниците имаат потреба од дополнителни обуки.

Училиштето има донесено финансиски план , План за јавни набавки за и измени на планот за јавни набавки.Училиштето добива финансиски средства од буџетот на РСМ, а остварува и сопствени приходи преку сметката за самофинансирање, од издавање на спортската сала „Јордан Пиперката“ .

За финансиското работење училиштето ги информира органите и телата во училиштето, како и локалната власт преку полугодишниот и годишниот извештај.

Училишниот одбор (УО) е орган на управување и е конституиран согласно законската регулатива. Училишниот одбор ги извршува своите законски обврски, Членовите на УО се со легитимен мандат, но немаат поминато обука за својата работа. Претседател на УО е родител.

Соработката на Училишниот одбор со родителите, директорот и локалната самоуправа е на добро ниво.

Директорот на училиштето, како раководен орган, има професионален однос кон работата и како приоритет на своето работење го става подобрувањето на условите за работа на училиштето, дисциплината и постигањата на учениците. Работењето на раководниот орган е засновано на тимска работа и во таа насока донесува одговорни одлуки.

За учебната 2023/2024 година, училиштето има изготвено Годишна програма за работа број 01-311/1од 14.08.2023 година, истата усвоена од Советот на општина Демир Хисар Одлука број 17-804/11 од 25.08.2023 година.

Има формирано тим за меѓуетничка интеграција со Решение број 02-321/1 од30.08.2022 година. Партнер училишта за меѓуетничка интеграција е ООУ„Даме“ с.Смилево, општина Демир Хисар. Тимот има изработено Програма за работа за 2023/24 година број 01-311/13 од 14.08.2023 година

Училиштето има изработено Самоевалуацијаза период од две години 2021-2023 број 01-289/1 од 29.06.2023 година и извештај за спроведената самоевалуација 01-289/1 од 29.06.2023 година , кој е доставен до Државниот испитен центар на ден 30.08.2023 година.

Училиштето има изготвено Програма за развој за период од чеитири години 2021-2025 број 01-245/1 од 13.08.2021 година,

Во училиштето формиран е инклузивен тим за работа со деца со посебни потреби со Решение број 02-284/1 од 12.08.2022 година кој има изработено Програма за работа за 2023/24 година број 01-311/9 од 14.08.2023 година. Во училиштето има три деца со наод и мислење за функционална проценка од Стручно тело за функционална проценка Битола За секое дете со посебни образовни потреби има формирано инклузивен тим за детето.и тоа 02-377/1од 12.09.2023, 02-387/1 од 28.10.2022 и 02-308/2 од 22.08.2019. За овие деца училиштето во соработка со Ресурсен центар „Кочо Рацин“ Битола има обезбедено образовни асистенти

Училиштето нема регистрирано Училишен спортски клуб

ООУ„Гоце Делчев“ Демир Хисар има Статут број 01-470/1 од 16.12.2019 година, за кој има согласност од МОН број УП2 18-312 од 06.07.2020 година.

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

Основното општинско училиште „Гоце Делчев“ Демир Хисар се наоѓа од левата страна на магистралниот пат Битола - Кичево на ул."Битолска" бб, во непосредна близина на Здравствениот дом и СОУ „Крсте П Мисирков" Демир Хисар.

Дејноста на училиштето е верифицирана со решение број 09-2368/2 од 06.06.2002 година од страна Министерството за образование и наука.

Училиштето е запишано во регистар на организациите за згрижување и воспитение на основни училишта како Централно основно училиште „Гоце Делчев“ Демир Хисар, како институција во која се организира и остварува основно воспитание и образование со Решение број 10-705/1 од 07.06.1986 како Општинско основно училиште.

Воспитно образовната дејност во училиштето се реализира од едно деветгодишно училиште со седиште во Демир Хисар, прво оделение реализираат настава во две

простории во детската градинка и 6 петгодишни училишта во населбите: Суводол, Вардино, Света, Единаковци, Журче и Слепче. Училиштето има и спортска сала „Јордан Пиперката” која е оддалечена 2km од зградата на основното училиште

Реонот на опфат на училиштето ги опфаќа населените места: Демир Хисар, Стругово, Загориче, Утово, Кутретино, Суводол, Вардино, Света, Единаковци, Бараково, Граиште, Журче, Сладуево, Прибилци, Белче и Слепче. ПУ во с. Стругово е ставено во мирување

Зградата на Основното училиште е градена во текот на 1965/66, а со работа во неа е отпочнато на 01.02.1966 година. Истата е добро е очувана, функционална и ги задоволува потребите. Веднаш до влезот на училишната зграда се наоѓа портирницата која е дел од училишниот ходник. Ходниците овозможуваат лесен и безбеден пристап до секоја просторија. Училиштето располага со наставничка канцеларија, простор за раководниот кадар, простории за стручната служба и простории за администрацијата.

Училиштето располага со 2.600 м$^2$ корисна површина или 7,93 m$^2$ по ученик од која 1.186,25 m$^2$ е училнички простор. Располага со фисклутурна сала со површина 195 m$^2$, кујна и трпезарија од 115,65 m$^2$ која е адаптирана и реконструирана за кабинет по природни науки, библиотека со 34,20 m$^2$ и други помошни простории. Затоплувањето е со централно греење на нафта и дрва.

Дворното место е со површина од 11.380 m$^2$. Истото е оградено, хортикуларно уредено со зимзелени и други растенија, со патеки, клупи за седење летна училница, фонатана и вода за пиење. Има асфалтиран терен за пострoјување на учениците и мини спортски терен.

На учениците на располагање им е и мала спортска сала.

Како дел од проектот на Агенцијата за млади и спорт, изградено е повеќенаменското игралиште во кругот на ООУ „ Гоце Делчев “ Демир Хисар. Игралиштето е изградено на стариот спортски полигон со димензии 45mx28m, асфалтен терен, жичена ограда, бекатонска патека, комплетно осветлување за спортување навечер, поставени се кошеви, стативи за мали спортови и клупи. Повеќенаменското игралиште создава услови за спортување и рекреација во повеќе спортски дисциплини: мал фудбал, кошарка, ракомет.

Последните извршена е реконструкција на санитарните јазли, замена на внатрешна и надворешна столарија и реконструкција на надворешната фасада. Согласно Нормативот за простор конструкцијата на прозорците овозможува рамномерно пропуштање на светлината како и непречена прегледност.

Зградата во ПУ с. Стругово е изградена во 1965 година. Дворното место е со површина од 2.450 м$^2$. Оградено е и уредено. Подрачното училиште с. Стругово престана со работа на 25.11.2019 година и се стави во мирување со одлука од директорот на училиштето и Советот на општината поради немање на ученици.

Зградата во ПУ с. Суводол е изградена во 1986 година. Очувана е, функционална и ги задоволува потребите. Дворното место е со површина од 2.000 м$^2$, истото е уредено и оградено.

Зградите на Подрачните училишта: Единаковци, Журче и Прибилци се градени во времето од 1934 до 1948 година. Градени се наменски, но поради начинот на градбата и повеќегодишната употреба се во голема мера руинирани и оштетени. Дворните места се со површина од 1.200 до 2.000 м$^2$. Оградени се но недоволно уредени. Во учебната 2019/2020 година поставени се насрешници на скалите во ПУ с. Единаковци.

Училишната зграда во с. Света во учебната 2008/2009 година е реновирана при што е заменет покривот на училиштето, променета дограмата и поставен нов патос во една училница и канцеларијата. Во 2011 беше реновиран ходникот.

Во сите ПУ затоплувањето е со печки на дрва. Сите училишни згради се обезбедени со чиста вода за пиење. Во составот на зградата во ПУ с. Суводол се вградени санитарни јазли. Во останатите Подрачни училишта се користат полски санитарни чворови.

Наставата се реализира на македонски наставен јазик во една.

Основното училиште „Гоце Делчев " Демир Хисар за реализација на наставата располага со 20 училници , 2 кабинети, 1 библиотека , 2 спортски сали.

Во оваа учебна година опфатени се вкупно 360 ученици од кои 310 во централното и 50 во подрачните училишта , распоредени во 32 паралелки од I до IX одделение. И тоа 22 во централното од кои 10 во одделенска настава и 10 во подрачните училишта од кои 9 се комбинирани паралелки. Во училиштето настава следат 3 деца со посебни образовни потреби..

Наставата во училиштето се изведува на македонски наставен јазик од вкупно 46 наставници. Во воспитно образовниот процес се вклучени и три стручни соработници - педагог, психолог и библиотекар. Во училиштето има 1 наставник приправник.

# 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1. Реализација на наставните планови и програми

Воспитно образовната работа во ООУ„Гоце Делчев" –Демир Хисар се остварува врз основа на наставните планови и програми за деветгодишно основно образование , наставните програми по Кембрич (математика и биологија од VII одделение до IX одделение како и хемија и физика во VIII одделение и IX одделение ) , како и за учениците од I до VI одделение по Концепцијата за основно образование. Применуваните наставни планови и програми се во согласност со програмските документи кои се изготвени од Бирото за развој на образованието и одобрени од Министерот за образование и наука.

Во ООУ„Гоце Делчев" –Демир Хисар во централното и подрачните училишта се работи во една смена.

Директорот и стручната служба на училиштето пред почетокот на учебната година, ги запознава наставниците со новините и измените во наставните планови и програми, а наставниците кои реализираат настава во I до VI одделение имаат посетено обука за реализација на наставата по новата Концепција за основно образование, каде се

запознаваат со целите и задачите и другите елементи од наставните програми преку семинари, што ги организира Бирото за развој на образованието.

Наставната програма по физичко и здравствено образование во централното училиште се реализира во две спортски сали во самото училиште и во спортската сала „Јордан Пиперката“ која е оддалечена 2 км од училишната зграда и на спортски игралишта во училишниот двор. Во ПУ наставата по физичко и здравствено образование се реализира во прилагодени услови.

Училиштето дава подршка во реализацијата на проектите во училиштето како што се:

- Проект за меѓуетничка интеграција во образованието
- Подршка на реализација на содржините од образование за **животни вештини** чија цел е преку примена на методи на работа како дискусија со цела група, работни групи, анализи на ситуации, кај учениците да се развива: свест за себе, комуникациски вештини, вештини за донесување одлуки, креативно мислење, справување со емоции, емпатичност, интерперсонални вештини вештини за решавање проблеми, критичко мислење и справување со стрес

Училиштето има формирано Училишен инклузивен тим кој има изготвено програма за работа. Во училиштето се идентификувани 3 ученици со ПОП, за кои има формирано инклузивни тимови за детето и кои се вклучени активно во животот и работата на училиштето. Сите наставници кои реализираат настава во паралелките каде се вклучени учениците со посебни образовни потреби не се обучени за планирање и работа со овие ученици

Раководителите на одделенијата на почетокот на учебната година ги запознаваат родителите со наставниот план и наставните програми според кои се изведува наставата.

Училиштето има изработено брошура со која се запознаваат учениците и родителите за наставните планови и програми и другите активности на училиштето.

Изборот на наставните предмети од листите на изборни предмети од наставниот план го избираат учениците во согласност со нивните родители.

Во мај е направено анкетирање на учениците за изучување на изборните предмети и тоа:

- Учениците во IV, V и VI одделение изберат слободни изборни предмети согласно новата концепција за основно образование
- Во седмо и осмо одделение учениците избираат еден предмет од листата на понудените изборни предмети: техничко образование, проекти од информатика, изборен спорт, а во деветто одделение на учениците им се нудат предметите: програмирање, техничко образование и вештини на живеење.

Со изборните предмети во основното училиште, на учениците им се нуди можност да ги прошируваат и продлабочуваат знаењата и да ги развиваат своите индивидуални способности по одделни наставни предмети.

Во училиштето се изучуваат следните изборни предмети:

- IV одделение прво полугодиеСликање/Цртање/Вајарство<br>второ полугодие Велосипедизам
- V одделение прво полугодие Моделарство/Креативни идеи<br>второ полугодие Градинарство
- VI одделение прво полугодие Религии во светот<br>второ полугодии ќе бидат повторно анкетирани
- VII одделение Изборен спорт<br>Проекти по од информатика<br>Техничко образование
- VIII одделение Изборен спорт<br>Проекти од информатика<br>Техничко образование
- IX одделение Вештини на живеење

Програмирање

Во училиштето втор странски јазик се избира меѓу француски и германски јазик Се изучува како втор странски јазик француски јазик

Во училиштето се планира и поради тоа што нема интерес од родителите не се реализира проширена програма,

### 1.2. Квалитет на наставните планови и програми

Наставниците ги изработуваат годишните и тематските планирања , како и оперативен план за наставен час во согласност со наставните програми и насоките за планирање и организација на наставата и годишната програма за работа на училиштето. За учениците од I до VI одделение се изработува Годишни планирања , неделни планирање и сценарио за наставен час. Планирањата на наставниците континуирано се следат од страна на стручната служба во училиштето.

Од разгледувањето на планирањата на наставниците кои се следат од педагогот и помошникот директор се утврди дека планирањата годишни тематски неделни се согласно наставните програми навреме доставени и прегледани. Но мал е бројот на наставници кои имаат изработено и педадено критериуми за оценување како и планирање за МИО активности во наставата.

Наставниците ги евидентираат реализираните обуки во професионалното досие, а истото го проверува стручната служба .

### 1.3. Воннаставни активности

За развивање на различните интереси на учениците, во основното училиште се организираат воннаставни активности согласно Концепцијата за воннаставни активности .. Учениците во воннаставните активности се вклучуваат доброволно.

Воннаставните активности опфаќаа:

1) Секции/ клубови
2) Акции
3) Еднократни работилници
4) Излети и екскурзии
5) Ученико организирање

.

1) Секции за проширување на знаењата по одделни наставни предмети
- Литературно-рецитаторска секција
- Драмска секција
- Новинарска секција
- Млади биолози
- Еколошка секција
- Клуб за кодирање
- ✓ Културно-уметнички секции
- Ликовна секција
- Спортски секции
- ✓ Работно-производствени секции
- Млади архитекти

Во предметна настава ќе работат следните слободни ученички активности:
- Литературно рецитаторска
- Драмска секција
- Новинарска секција
- Спортски секции
- Ликовна секција

- Млади биолози
- Клуб за кодирање –
- Млади архитекти
- Еколошка секција
- Библиотекарска секција

2) Во училиштеto во текот на учебната година ќе се организираат разни акции во согласност со програмите на училишните секции и интересите на учениците како и низа активности од еколошки и хуманитарен карактер како и посета на музеи и други културни знаменитости.

Акции ќе се спроведат со цел подобрување на личниот, социјалниот и емоционалниот статус на учениците, развивање чувства за одговорност и солидарност кај учениците, почит кон општтвената сопственост и тоа :.

- одржување на училиштето преку уредување на училниците и кабинетите, ходниците, училишната зграда и училишниот двор
- во локалната средина со учениците ќе се изведат разновидни акции од еколошки карактер
- за укажување на помош на социјално загрозени ученици во училиштето ќе бидат организирани собирни акции во соработка со Црвениот Крст – Демир Хисар
- организирање на хепенинзи и базари

3) Согласно својата воспитно-образовна функција училиштето организира работилници кои се општествено значајни и хумани, а во кои активно учество имаат учениците, наставниците, родителите и пошироката заедница и тоа:

.

1. Пречек и прием на првачиња во новата учебна година ;
2. Одбележување на недела на детето и денот на учителот
3. Одбележување на празникот Нова година
4. Одбележување на 21 Март Ден на еколошката акција на младите
5. Одбележување на верскиот празник Велигден
6. Одбележување на патрониот празник

4) Со излетите може да се опфатат сите ученици од училиштето, но екcурзиите се организираат за ученици од трето, шесто и деветто одделение. Наставата во природа е облик на воспитно-образовна работа којшто придонесува за реализација на целите во планот и програмата на основното образование и воспитание. За сите излети, екскурзии и настава во природа се изготвува програма за реализација, а ја изготвува стручен тим согласно Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта.

- Еднодневна екскурзија со учениците од трето одделение;
- Дводневна екскурзија со учениците од шесто оддеелие и
- Тродневна екскурзија со учениците од деветто одделение.

5) За организирано остварување на интересите, учениците се организираат во **заедница на паралелката и ученички парламент**.

Училиштето нема регистрирано Училишен спортски клуб .

# 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 2.1. Постигања на учениците

Училиштето прибира податоци и изготвува извештаи и анализи за постигањата на учениците. Се изготвуваат полугодишни и годишни извештаи од страна на стручната служба во кои се дадени податоци за постигањата на учениците според пол, образовни периоди, паралелки и наставни предмети. За истите освен во пишана форма, се изготвени и презентации кои се презентираат на наставнички совет, совет на родители и УО.

Во однос на запишани ученици во училиштето може да се констатира дека вкупниот број на ученици во 2020/21 година е 379, во 2021/22 година е 365 и во 2022/23 година бројот на запишани ученици е 367. Во оваа учебна 2023/24 година бројот на запишани ученици е 360.

Изготвените анализи покажуваат дека средниот успех на учениците за последните три учебни години изнесува: 4,06 за учебната 2020/2021 година , 3.93 за учебната 2021/2022 година и за учебната 2022/2023 средниот успех е 4,07.

Во училиштето се спроведува советување на родители од страна на психологот после секој одделенски совет за што се води уредна евиденција.

Учениците учествуваат на натпревари кои се организираат на општинско, регионално и државно ниво, како и организирани натпревари од училиштето од интернационален карактер организиран е натпреварот „Дабар“ е наменет за ученици од основните и средните училишта (почнувајќи со 1во одделение), кој има за цел да ја промовира информатиката и сродните науки. Истиот се организира во повеќе држави, и е еден од најпопуларните натпревари во светот.

Во последните три години имаат учество и освоено награди на општински, регионални државни и мегународни натпревари и тоа:

2020/21 година освоени награди по: географија и математика

2021/22 година освоени награди по: природни науки, биологија, географија, математика, ФЗО и германски јазик,

2022/23 година освоени награди по: математика, природни науки, биологија, физика, ФЗО, германски јазик ,географија и прва помош.

### 2.2. Задржување/ осипување на учениците

Училиштето има податоци за опфатот на учениците од својот реон и ги опфаќа учениците од својот реон. Постапката за премин на ученици од едно во друго училиште се почитува во целост.

Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците.

Во однос на изостаноци на учениците во учебна 2020/21 година направени се вкупно 1898, во учебна 2021/22 година направени се вкупно 3783 изостаноци и во учебната 2022/2023 година направени се вкупно 6277 изостаноци.

Во однос на оценување по поведение во последните три години сите ученици се оценети со Примерно поведение.

### 2.3. Повторување на учениците

Во училиштето во последните три учебни години нема ученици кои ја повторувале годината.

## 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

### 3.1. Планирање на наставниците

Во училиштето постојат приоди за планирање на наставата и вонnаставните активности, додатна , дополнителна настава односно кога сите наставници треба планирањата да ги предадат кај стручната служба .

Годишните и тематските планирањата на наставниците се доставуваат до стручната служба на почетокот на учебната година . Доставувањето на планирањата на наставниците е навремено , во електронска форма и истите се изготвени за период до крајот на наставната година. Континуирано се следат планирањата од стручната служба – педагпог во училиштетето .

Сите наставници изготвуваат годишни , тематски планирања и дневни подготовки, додека наставниците од I до VI одделение изготвуваат годишна програма , неделни планирања и сценарио за наставен час. Планирањата на наставници ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на наставата. Освен за редовната настава наставниците имаат изготвено планови за додатна настава, дополнителна настава, и според според потребите и планирања за слободни ученички активности. За наставните предмети: математика и биологија од VII одделение до IX одделение како и хемија и физика во VIII одделение и IX одделение се користат адаптираните наставни програми од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ.

Училиштето има формирано Училишен инклузивен тим кој има изготвено програма за работа. Идентификувани се 3 ученици со посебни образовни потреби во учењето.Сите наставници кои реализираат настава во паралелки каде се вклучени децата со посебни образовни програми изготвуваат ИОП.

Исто така постои и тим за меѓуетничка интеграција кој изготвува и работи по сопствена програма.

Училиштето изработува распоред за настава и тоа за редовна, додатна , дополнителна настава и слободни ученички активности кои е истакнат на видно место и според истиот се реализираат сите наставни и вonнаставни активности.

### 3.2. Наставен процес

Поголем број од наставниците се трудат да реализираат наставата интерактивно применувајќи различни наставни форми и методи, техники на учење, техники на оценување , но во училиштето преовладува традиционална настава. Тие се трудат да работат со учениците индивидуално, во група, во парови или со целата паралелка.

Изборот на задачи и активности за време на часот кај поголемиот број на наставници е приспособен на индивидуалните образовни потреби на учениците. Наставниците користат одобрени учебници.

Наставниците ги запознаваат учениците со целите на учењето и очекуваните исходи. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата. По сите наставни предмети постои работна дисциплина и атмосфера на часовите.

Наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка, без да прават разлика меѓу учениците според пол и социјално потекло.

Приодот и однесувањето на наставниците кон учениците е добар. Учениците се вклучуваат во најразлични активности без разлика на пол, социјална структура и успех. До стручната служба нема пријавено приговор од страна на ученик или родител во однос на однесувањето на наставник..

Училиштето има процедура за следење на наставниот процес од страна на директорот и стручната служба. Најмалку по еднаш во полугодие сите наставници се посетуваат. При посета на наставата се води уредна евиденција , во која се евидентираат сите активности на часот, се дава повратна информација на наставниците .

Дополнителната и додатната настава и слободните ученички активности се реализираат согласно планирањата, афинитетите и потребите на учениците.

### 3.3. Искуство на учениците од учењето

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна средина за учење.

Од разговорите со дел од учениците се дојде до сознанија дека тие имаат можност за давање на иницијатива, согледување и решавање на заеднички проблеми, развивање и негување на другарски односи меѓу себе.

Од разгледување на прашалниците се дојде до сознанија од учениците дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен , дека се што се учи е поврзано со секојдневието, применливо и корисно во реалниот живот и ги оспособува за активно учество во демократско и мултикултурно општество.

За време на наставните часови , наставници превземаат активности да ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат.

Учениците сметаат дека имаат можност да го кажат своето мислење и тоа да биде земено предвид.

### 3.4. Задоволување на потребите на учениците

Наставниот кадар и стручните соработници ги идентификуваат образовните потреби како и пречки во процесот на учење на учениците. Во училиштето учениците со посебни образовни потреби се вклучени во сите активности како во наставни исто и во вонставни активности.

Училиштето ги ангажира учениците во вонраставни активности, општествено корисна работа, а постои и учеството на општински, регионални и државни натпревари, учество на конкурси.

### 3.5. Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците се обучени за примена на стандарди во оценувањето, но не сите наставници имаат изработено сопствени критериуме за оценување кои се предаваат кај стручната служба во училиштето.

Во оценувањето на учениците се применуваат разновидни методи.

Оценувањето е јавно, образложено и транспарентно.

Наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа и насоки за подобрување на постигањата.

### 3.6. Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и го применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за постигањата на учениците и давање повратна информација на родителите и учениците за оценката.

За таа цел се користат организирани формални и неформални средби, групни средби (за пренесување на информациите за паралелката во целина), индивидуални средби (за пренесување информации за конкретен ученик) со родителите.

Родителите добиваат и пишани извештаи со информации за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет (евидентни листови) на тромесечие, и свидетелства на крајот на учебната година.

Наставниците редовно ги ажурираат податоците во Е – Дневникот.

## 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

### 4.1 Севкупната грижа за учениците

Инфраструктурата во училишната зграда е добра, безбедна и нема место што претставува потенцијална опасност од повреда на учениците. Наставата се изведува во училници и кабинети, кои ги задоволуваат училишните стандарди.

Основното училиште се наоѓа блиску до регионален пат, на кој има обележано пешачки премин и има сообраќајна сигнализација. На главниот влез е поставена заштитна ограда. Училишниот двор е потребно да се огради само кон гимназијата.

Условите за реализација на настава во прво одделение во градинката „2 Септември“-Демир Хисар се безбедни.

Не е организиран е дневен престој.

Во соработка со општината е организиран превоз за 102 ученици од подрачните училишта.

За 3 ученици со посебни потреби училиштето обезбедило 2 образовни асистенти.

За талентирани и надарени ученици училиштето организира различни проекти, ги вклучува во секции и други активности. За ученици со потешкотии во учењето редовно се спроведува дополнителна настава.

За оваа учебна година сите училишни објекти се осигурани и училиштето има спроведено постапка за осигурување на вработените лица и учениците. Во училиштето има обучено 3 вработени лица за давање на прва помош на лица при несреќи и на 3 места има материјал за давање на прва помош. Училиштето има изготвено План на мерки и активности за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи. Истиот е ажуриран во 2022 година и одобрен од дирекцијата за заштита и спасување. На видни места има поставено предупредувања.

Училишните објекти се под видео надзор, односно се поставени видео камери на 8 локации. Во периодот од 17 часот до 5 часот во основното училиште има ноќен чувар.

Во основното училиште почетокот и крајот на наставните часови се означуваат со софтверски раководено електрично звонче.

Во мај минатата учебна година, изведена е симулација за постапување во случај на сообраќајна незгода.

Во 2021 год. во училиштето се спровело обука на вработените за заштита при работа..

Громобранската инсталација е проверувана во 2022 година и истата е во исправна состојба.

Во училиштето има 3 хидранти во основното училиште и 1 хидрант во ПУ с. Суводол, кои во април 2022 година се проверувани и задоволуваат. Училиштето располага со 15 против пожарни апарати, кои се сервисирани во октомври 2023 година. Во училиштето има 4 обучени вработени оспособени за превземање на мерки за заштита од пожари и стручно учество во случај на пожар.

Секоја година од страна на техничкиот персонал, се чистат оџаците во подрачните училишта. А во основното училиште е извршено чистење на оџакот во 2021 година од страна на соодветна фирма.

Пристапот во училишната зграда само во Демир Хисар е прилагоден за влез на лица со физички хендикеп, односно има поставено пристапна рампа.

За време на одморите се организираат дежурства по ходниците, од страна на наставниците по изготвен распоред, кој е истакнат на видно место.

Во училиштето нема организирана исхрана за учениците. Учениците храна си носат од дома или купуваат од блиските продавници. Училиштето обезбедило потврди за исправност на храната која ја купуваат учениците од блиските пекари и сендвичари. Во училиштето преку работилници и предавања се промовира здравата храна.

Училиштето води политика за забрана на пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични средства. Во училишната зграда има истакнати забрани за пушење, алкохол и наркотици. Се реализираат работилници со учениците на овие теми, од страна на училишниот педагог и психолог, во соработка со МВР, Здравствен дом – Демир Хисар и Црвен Крст. Во училиштето не се евидентирани појави на пушење и конзумирање на алкохол.

Училиштето има Куќен ред. Исто така во училиштето се донесени Кодекси на однесување на ученици, родители и наставници за време на наставата.

Во училиштето се забранува секаков вид на насилство. Во училиштето постои тим и програма за превенција од насилство. На одделенските часови се обработуваат теми за ненасилно однесување и мирно разрешување на конфликти. Во последните три години не се забележани сериозни појави на насилство.

Во училиштето има тим и програма за грижа за ученици од социјално загрозени семејства. Училиштето преку одделенските раководители и педагошко-стручната служба обезбедува материјални средства за 9 ученици, кои заради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како и другите ученици. За нив е обезбедена исхрана за време на одморот од блиската пекара. За социјално загрозени ученици во училиштето редовно се организираат хуманитарни акции од страна на вработените и учениците (храна, облека, обувки, училишен прибор).

### 4.2 Здравје

Во училниците, кабинетите и ходниците има корпи за отпадоци, а училиштето се грижи учениците да ги фрлаат отпадоците во нив. Отпадоците не се селектираат.

Училиштето располага со средства за хигиена. Подовите во училниците, кабинетите, ходниците, скалите и санитариите, редовно се чистат. Во ученичките тоалети е чисто и има течен сапун. Одржувањето на хигиената во училниците, ходниците, канцелариите,

санитарните јазли, спортските сали, училишните дворови, и во останатиот училишен простор е добро.

Во текот на оваа учебна година е извршена дезинфекција, дезинсекција и дератизација.

Во состав на Годишната програма за работа на училиштето е и Програмата за грижата за здравјето на учениците, во која се планираат и потоа се реализираат редовните активности (вакцинации, систематски прегледи), како и предавања за здрав развој, здрава храна, заразни болести, болести на зависност, превенција од насилство итн., а во соработка со локални установи. Училиштето реализира и програма за менталното здравје на учениците.

Согласно календарот за здравствена заштита на учениците, се организираат редовни систематски прегледи (систематски прегледи за учениците од I и VII одделение) и вакцини за учениците, кои се вршат во Здравствениот дом во Демир Хисар.

За наставниот кадар, на почетокот на секоја учебна година се вршат санитарни прегледи, за кои прегледи се водат санитарни книшки. Се вршат и редовни систематски прегледи (на две години), за кои прегледи училиштето добива повратна информација за работната способност на вработените. Последниот систематски преглед на вработените е извршен во 2021 година.

Училиштето реализира активности преку стручната служба и одделенските раководители, за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди, подолго време отсуствуваат од редовната настава. Најчесто со тие ученици соработката е on-line. Во оваа учебна година нема такви ученици.

### 4.3.Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Во состав на Годишната програма за работа на училиштето е Програмата за професионална ориентација на учениците.

Со учениците од деветто одделение, се организираат активности од Професионална ориентација, а во соработка со АВРСМ.

Средните училишта, при посета на училиштето, преку презентации, флаери и брошури ги запознаваат учениците со програмите кои се реализираат во средното образование. На отворените денови кои ги организираат средните училишта се врши презентација за образовните струки и профили кои се изучуваат во средните училишта. Учениците навремено се информирани за објавените конкурси за запишување на ученици во средното образование. Педагошко-стручната служба добро води евиденција каде учениците го продолжуваат средното образование.

Училиштето располага со тим и програма за грижа за ученици со емоционални потешкотии. Идентификувани се случаи на ученици со емоционални потешкотии, со кои во училиштето добро се спроведуваат соодветни мерки.

### 4.4.Следење на напредокот

Наставниците водат евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик во електронскиот дневник (Е-дневник) на паралелката. Наставниците подготвуваат редовни извештаи за успехот на учениците, по квартали, за својата паралелка. Извештаите според паралелки им се доставуваат на увид на педагошката служба и на раководниот кадар и се достапни за сите други наставници, родители и за самите ученици.

Училиштето располага со податоци за успехот на учениците кои се запишале во средно образование, според кои успехот не отстапува од тој што го имале во основно.

# 5. УЧИЛИШНА КЛИМА

## 5.1. Училишна клима и односи во училиштето

Училиштето во своето опкружување е препознатливо по својот наставен кадар, по постигањата на учениците во воннаставните активности, добрата клима и односи, добрата интеракција наставник-родител, како и успехот на учениците кој го задржуваат и во средно образование.

Училиштето е инклузивно, се грижи за здравјето на сите ученици, ги негува родовата еднаквост и мултикултурализмот, ги поттикнува и ги вклучува поголемиот број од учениците и дел од родителите во училишниот живот.

Во училиштето се видливи позитивните меѓучовечки односи. Постојат голем број примери на тимска работа, соработка и професионален однос кон работата. Во училиштето има пракса секој понеделник пред почетокот на смената да се одржи утринска средба на вработените, каде се споделуваат информации и се разменуваат искуства. Истото вработените не го доживуваат како обврска, туку како задоволство.

Учениците и вработените во голема мера се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него.

Училиштето има кодекси на однесување за вработените, учениците и родителите, кои во 2022 година биле обновени..

Училиштето има Правилник за изрекување на педагошки мерки. При прекршување на правилата пропишани со кодексите, за учениците се применува правилникот за изрекување на педагошки мерки.

Училиштето преку своите програмски документи и низа активности (предавања, работилници и др.) води политика на почитување на разликите по основ на етничка припадност, пол и верска определба.

Учениците и вработените ги почитуваат демократски усвоените правила на однесување на училиштето. Задоволни се од работна атмосфера која се обезбедува за време на наставата и воннаставните активности. Вработените многу се грижат за

однесувањето и безбедноста на учениците во училишниот простор, за време на одморите, за време на нивното доаѓање и заминување од училиштето. Најголемиот број наставници и ученици сметат дека учениците се однесуваат учтиво и соработуваат меѓусебно и со наставниците.

Најголемиот број од вработените се трудат да бидат позитивен пример за учениците и со внимание се справуваат со проблемите што се однесуваат на дисциплината и редовноста. Стручните соработници и наставниците сметаат дека проблемите кои настанале со непочитување на правилата на однесување успешно ги надминуваат преку разговори и советувања на учениците и родителите и во последните три учебни години изречени се мал број педагошки мерки.

Ученичката заедница е демократски формирана на сите нивоа. Учениците сметаат дека се вклучени во донесувањето одлуки за прашања што се од нивен непосреден интерес.

Претседателот на ученичката заедница и ученикот -правобранител по претходна покана присуствуваат на седниците на наставнички совет и на Училишен одбор. Работата на ученичката заедница и детето правобранител и остварувањето на нивните програми е помогната и менторски е поддржана од училиштето. Најголемиот број ученици сметаат дека навремено и целосно се информирани од ученичката заедница за сите работи што се од нивен непосреден интерес и се вклучени во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки во врска со тие работи.

Училишната клима и односи се многу добри.

### 5.2 Промовирање на постигањата

Училиштето многу добро презема активности за да ги промовира постигањата на учениците. Најголемиот број наставници го користат пофалувањето како начин на мотивирање за поголеми постигања и тоа во одделението, на одделенските совети и на наставнички совет.

Промовирањето на постигањата на учениците во рамки на училиштето се врши со доделување на пофалници и награди на учениците што постигнале високи резултати на натпревари, според Правилник за пофалби и награди. Во училиштето се прогласува ученик првенец на генерацијата Во училиштето на видни места се поставени пехари, награди, пофалници и други потврди на успесите на учениците и нивните наставници.

Надвор од училиштето, постигањата на учениците се промовираат преку училишната web страна (http://gocedelcev.edu.mk), училишниот весник „Бисери“, и преку фејсбук профилот на училиштето, како и преку учество на ученици на разни натпревари, конкурси, хуманитарни, културни акции и други вонннаставни активности. Училишните постигања се објавуваат и на официјалната страна на општина Демир Хисар.

### 5.3. Еднаквост и правичност

Најголемиот број од воспитно-образовниот кадар ги знае и ги почитува правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги знаат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување.

Најголемиот број ученици и родители сметаат дека вработените во училиштето правично и со почит се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите на учениците.. Учениците се учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во рамките на училиштето и пошироко.

Училиштето преку своите активности кои се спроведуваат во рамките на МИМО проектот води политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност во училиштето и во заедницата

и нивно заемно прифаќање. Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници во татковината, без оглед на која етничка група ѝ припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата. Училиштето планира и реализира заеднички вонннаставни активности со хетерогени групи од ученици од училиштето и ученици од партнер училиштето.

### 5.4. Партнерски однос со родителите со локалната и деловната заедница

Училиштето планира и презема активности со цел да вклучи што поголем број родители во воспитно-образовната работа на училиштето. Добар број родители се вклучуваат во работилници и во дел од воннаставните активности. Соработката со најголемиот број родители училиштето ја остварува преку индивидуалните и групните родителски средби. Училиштето на законски начин ги избира претставниците на родителите во УО. Советот на родители е активен. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето. Училиштето организирало термини по даден распоред за средби на родителите со наставниците.

Училиштето активно е вклучено во животот на општината преку спроведување на многубројни заеднички активности во соработка со јавните установи во општината, како и проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата.

Училиштето добро соработува со деловната заедница во насока на обезбедување на средства за подобрување на условите за работа на училиштето и за реализирање на вонnастаните активности. Таков е примерот со фирмата „Сокотаб“.

Партнерскиот однос со родителите, со локалната и деловната заедница е добар.

## 6. РЕСУРСИ

### 6.1 Сместување и просторни капацитети

ООУ„Гоце Делчев“ – Демир Хисар во својот состав има 7 подрачни училишта и тоа во с.Стругово(истото е во мирување, не се изведџува настава), с. Вардино, с.Света, с.Единаковци, с.Слепче, и с.Журче . Во состав на ООУ„Гоце Делчев“ - Демир Хисар е спортската сала „Јордан Пиперката“ која после изградбата е дадена на владение на основното училиште.

Основното училиште има еден објект од цврста градба, со сите потребни простории за изведување на наставата. Но, заради недостаток на училници за работа во една смена и заштеда, училиштето користи две училници и спортска сала во ЈОУДГ „2 ри Септември“ Демир Хисар во која наставата ја изведуваат одделенска настава во прво одделение.

Приклучен е на електрична, водоводна и канализациона мрежа.

Условите за изведување на наставата како во централното, во подрачните училишта и просторот кој го користат во ЈОУДГ „2 ри Септември“ Демир Хисар просторно ги задоволуваат условите за изведување на наставата.. Училиштето максимално ги користи расположивите капацитети за изведување на настава и воннаставни активности со што ги задоволува потребите на учениците, во училиштето постои добра искористеност на просторните капацитети.

Училишната зграда е изградена во 1966 година со вкупна површина од 2600 м2. Располага со 20 училници во чиј состав се ( помошни простории за чување на нагледни средства и помагала на број се 7) и 3 кабинети за : информатика, музичко образование и природни науки. Кабинетите и училниците се добро опремени со наставни средсва и дидактички помагала, во кои се реализира настава за учениците од второ до деветo одделение, во една смена.

Училиштето располага со библиотека во чиј состав е просторија со комплетно опремена разгласна станица и софтвер за електронско звонење на почеток и завршување на часовите, современо опремена фотокопирница, канцеларии за директор, помошник директор, технички секретар, благајник, наставници, две канцаларии за стручна служба, помошни простории за техничкиот персонал, портирница, просторија за

архива, за состаноци, посебна просторија за одмор на наставници, магацин за огревно дрво, котлара, работилница.

Училиштето се загрева со комбиниран систем за греење со дрва и нафта. Санитарните јазли кои ги користат вработените и учениците се реновирани , хигиената во нив е добра. Училишниот двор е голем, со вкупна површина од 9206 м2 , хортикултурно е уреден, има една летна училница . Дворот не е целосно ограден. Не е ограден од задниот дел (јужна страна).

Училиштето има пристапна патека за лица со хендикеп.

Спортските терени, кој ги има 2 за фудбал, кошарка и одбојка се со 236 м2 и 1063 м2 истите се во добра кондиција и со осветлување за спортување во вечерни часови. Во еден дел од училишниот двор има паркинг простор за возила, кој не ја загрозува безбедноста на учениците.

Во училиштето има две спортски сали со површина од 201 м2 и 100 м2, , истите се во состав на училишната зграда и се во добра кондиција.. За реализација на наставата по ФЗО истите се добро опремени со потребните реквизити, справи и сл.

Во состав на спортските сали има и соблекувални за учениците во кои хигиената е добра, и 2 капатила со санитарни јазли кои не се во функција .

Санитарните јазли во училиштето се реновирани, во нив хигиената е добра, бројот на санитарните јазли ги задоволуваат потребите на учениците и вработените.

Просториите во училиштето се загреваат преку систем со топловодно греење на нафта и дрва (четири котли).

Во оваа учебна година, во централното училиште настава посетуваат вкупно 360 ученици од I до IX одделение, распоредени во 32 паралелки.

Училишниот простор нецелосно ги исполнува условите за изведување настава во една смена.

Во последните три години во училиштето се реализирани неколку инфраструктурни проекти како што се: целосна санација на кровната конструкција во централното училиште,пристапна пешачка патека со бекатон плочки до училишниот двор, проширување на влезот во училиштето(асвалтирање), естетски обновена и реновирана летната училница, целосна реконструкција на просторот во кој е сместен кабинетот по Природни науки, во санитарнитарните јазли во ПУ с.Слепче поставени се системи за испирање, реконструкција на влезните скали во ПУ с.Слепче, репарација на котел на дрва и топловодна мрежа, промена на санитаријата во Спортската сала „Јордан Пиперката" , во училиштето најголем дел од светилките се заменети со ЛЕД, поставени се заштитни метални канали на подната електрична мрежа во училниците со што е зголемена безбедноста на учениците. Тековно одржување на училниците.

Во подрачното училиште во с.Вардино наставата се изведува во една зграда која е стара градба, не е роновирана но внатрешно одржувана, има две училници, канцеларија за наставници, и две помошни простории, во едната се складираат дрвата за огрев. Тоалетите се во училишниот двор (санитарните јазли се стари) во нив има вода и условите во нив делумно ги задоволуваат потребите, одржувањето на хигиената е добра. Нема спортски терен, наставата по ФЗО се реализира на тревната површина во училишниот двор, а во зима во ходникот на училиштето или во училница. Дворот не е ограден, истиот не претставува опасност по безбедноста на учениците и вработените. Во училиштето има еден противпожарен апарат (сервисиран). Училиштето се загрева со печки на дрва Во оваа учебна година во училиштето има две комбинирани паралелки од кои едната е прво и петто одделение со 6 ученици, од кои во прво 1 ученик и во петто 5 ученика, и втората комбинирана паралелка е второ и трето одделение со по 2 ученика или вкупно 4 ученици . Во училиштето условите ги задоволуваат потребите за работа по Новата концепција во основното образование ( наставните средства и помагала ). Има смарт табла, комјутер во едната училница, во втората има само табла.

Во подрачното училиште во с.Единаковци наставата се изведува во една зграда која е стара градба,истата е со два влеза кои имаат одвоен простор од кој се користи само едниот дел.Истата е делумно роновирана (подот во училницата ) но внатрешно е добро одржувана, има една училница, канцеларија за наставници, и една помошна просторија, и подрумска просторија во која се складираат дрвата за огрев. Тоалетите се во училишниот двор во нив има вода и условите во нив делумно ги задоволуваат потребите, одржувањето на хигиената е добра. Нема спортски терен, наставата по ФЗО се реализира на тревната површина во училишниот двор, а во зима во ходникот на училиштето или во училница.. Дворот не е ограден, пристапот до училиштето е преку железен мост истиот не претставува опасност по безбедноста на учениците и вработените. Во училиштето има еден противпожарен апарат (сервисиран). Училиштето се загрева со печки на дрва. Во оваа учебна година во училиштето има една комбинирана паралелка со 4 ученици од кои во прво одд. е еден ученик , второ со еден ученик и четврто одделение со 2 ученика. Во училиштето има услови за потребите за работа по Новата концепција во основното образование ( наставните средства и помагала ). Има едена смарт табла, 7 комјутери .

Во подрачното училиште во с.Суводол наставата се изведува во една зграда која е тврда градба, не е роновирана но внатрешно одржувана, има три училници, канцеларија за наставници, и две помошни простории во едната се складираат дрвата за огрев. Тоалетите се во училишната зграда во нив има вода, условите во нив се добри, одржувањето на хигиената делумно задоволува. Во училишниот двор има стара руинирана зграда која преставува потенцијална опасност за безбедноста на учениците. Нема спортски терен во училишниот двор,но наставата по ФЗО се реализира на спортско игралиште кое е во сопственост на Месната заедница, а истото се наога преку патот наспроти училиштето, движењето до игралиштето не ја загрозува безбедноста на учениците. Во зима наставата по ФЗО се реализира во ходникот на училиштето или во училница. Дворот не е целосно ограден. Во училиштето има еден противпожарен апарат (сервисиран). Училиштето се загрева со печки на дрва. Во оваа учебна година во училиштето има една чиста паралелка во 5 одделение со 6 ученици и две комбинирани паралелки од кои едната е прво одд. со два ученика и трето со три ученика, и втората комбинирана паралелка е второ одделение со 3 ученика и четврто одделение со четири ученика или вкупно 7 ученици. Во училиштето условите ги задоволуваат потребите за работа по Новата концепција во основното образование ( наставните средства и помагала ). Има едена смарт табла, 17 компјутери и бела табла.

Во подрачното училиште во с.Света наставата се изведува во една зграда која е тврда градба, не е реновирана но внатрешно и надворешно одржувана, има две училници, канцеларија за наставници, и помошни простории во кои се складираат дрвата за огрев. Тоалетите се надвор од училишната зграда , санитарните јазли се стари во нив има вода, условите во нив се делумно ги задоволуваат потребите, одржувањето на хигиената е добра. Нема спортски терен во училишниот двор, наставата по ФЗО се реализира на тревна површина.Во зима наставата по ФЗО се реализира во училница.. Дворот не е ограден. Во училиштето има еден противпожарен апарат (сервисиран). Училиштето се загрева со печки на дрва. Во оваа учебна година во училиштето има една комбинирана паралелка со 4 ученици од кои во 1 одделение со 1 ученик, 4 одделение со два ученика и петто одделение со еден ученик. Во училиштето условите ги задоволуваат потребите за работа по Новата концепција во основното образование ( наставните средства и помагала ). Има ЛЦД телевизор поврзан со компјутер

. Во подрачното училиште во с.Журче наставата се изведува во една зграда која е тврда градба, не е реновирана но внатрешно и надворешно одржувана, има две училници, канцеларија за наставници, и помошни простории во кои се складираат дрвата за огрев. Тоалетите се надвор од училишната зграда , санитарните јазли се стари во нив има вода, условите во нив делумно ги задоволуваат потребите, одржувањето на

хигиената е добра. Нема спортски терен во училишниот двор, наставата по ФЗО се реализира на тревна површина.Во зима наставата по ФЗО се реализира во училница која е опремена и прилагодена за реализација на наставата во зимски услови.. Дворот не е целосно ограден. Во училиштето има еден противпожарен апарат (сервисиран). Училиштето се загрева со печки на дрва. Во оваа учебна година во училиштето има една комбинирана паралелка со 4 ученици од кои во 1 одделение со 2 ученик, 3 одделение со еден ученик и во петто одделение со еден ученик. Во училиштето условите ги задоволуваат потребите за работа по Новата концепција во основното образование ( наставните средства и помагала ). Има Смарт табла и компјутер.

Во подрачното училиште во с.Слепче наставата се изведува во една зграда која е тврда градба, не е реновирана но внатрешно и надворешно одржувана, има три училници, канцеларија за наставници, и помошни простории во кои се складираат дрвата за огрев. Тоалетите се надвор од училишната зграда , санитарните јазли се стари (во тек е нивно реновирање), во нив има вода, условите во нив делумно ги задоволуваат потребите, одржувањето на хигиената е добра. Има асфалтиран спортски терен во училишниот двор. Во зима наставата по ФЗО се реализира во училница или во ходникот.. Дворот не е целосно ограден. Во училиштето има еден противпожарен апарат (сервисиран). Училиштето се загрева со печки на дрва. Во оваа учебна година во училиштето има две комбинирани паралелки од кои едната е со 5 ученици од кои во 1 одделение со 3 ученика и во четврто 2 ученика, и втората е со вкупно 5 ученика и тоа во второ одделение се 4 ученици и во петто одделение со еден ученик. Во училиштето условите ги задоволуваат потребите за работа по Новата концепција во основното образование ( наставните средства и помагала ). Има Смарт табла и компјутер.

### 6.2 Наставни средства и материјали

Опременоста на училиштето со наставни нагледни средства и други технички помагала е добра. Ова се однесува како на техничко-нагледните средства кои се потребни за работа во одделенска настава ,предметна настава особено за предметите од природните науки ,физичко образование за реализација на наставата училиштето е добро опремено со потребните реквизити, справи ,музичко образование, опременост и функционалност на компјутерската опрема 11 персонални компјутери , десктоп компјутери 28, преносни компјутери 4. Училиштето располага со: Бела метална табла 7, интерактивна табла 12, Видео проектор 12,ЛЦД проектор 4, таблет 19, Ласерски печатачи 6,ЛЦД ТВ 3 и технички средства сместени во современо опремена фотокопирница: принтери,фотокопир, печатачи и скенери, за реализација на воспитно–образовниот процес. Училишната библиотека располага со 7420 наслови, училишна лектира, стручна литература и литература од различен жанр, домашна и светска литература - 798 изданија, 2 толковни речници, стручна и методичка литература 94. За обновување и дополнување на книжниот фонд, посебно за лектирни изданија училиштето континуирано врши набавки во рамките на своите можности.

Во библиотеката работи еден наставник одделенска настава. Библиотекарот има изготвено Годишна програма за работа на библиотеката, која што е во состав на Годишната програма за работа на училиштето. Библиотечна евиденција се води со картотека и електронски. Евиденцијата е целосна .

Библиотеката има работното време од 7.30 до 15.00 часот, се почитува во целост. Сместена во добри просторни услови, а просторно се користи како читална и медиотека, во нејзин состав е и комплетно опремен разглас кој е во функција на наставно – воспитниот процес во училиштето.

### 6.3 Обезбедување на наставен кадар

Училиштето има обезбедено соодветен наставен кадар за реализирање на воспитно-образовниот процес, освен за предметите математика и природни науки во ПУ со 8

наставни часа. Наставниот процес во училиштето го реализираат 20 наставници во одделенска настава и 26 наставници во предметна настава или вкупно 46 наставници ( 44-ВСС и 2 Виша школа). Од наставниот кадар 36 наставника се вработени на неопределено работно време со полн фонд на часови, - 9 наставници се вработени на определено работно време со полн фонд на часови и 1 - наставници на определено работно време со неполн фонд на часови. Еден наставник кој е на неопределено работно време (граганско образование) работи и во друго училиште поради неполниот фонд на часови и еден наставник кој е на определено работно време (македонски јазик) работи во друго училиште поради неполниот фонд на часови. Во училиштето психологот и една наставничка по предметот информатика се на боледување, за наставничката по информатика има ангажирано соодветен наставен кадар на замена. Во училиштето нема родова, етничка или друга дискриминација при изборот на наставниот кадар. Сите наставници се македонци според етничката припадност.

Освен наставниците во воспитно-образовниот процес е вклучена и стручната служба: психолог, педагог и библиотекар. Во училиштето има два образовни асистенти.

Во админстративна служба вработени се: директор, технички секретар и благајник.

Помошен персонал има: хаус мајстор, ложач, 12 хигиеничари и 1 нокен чувар.

Во случај на пократко отсуство на наставник, училиштето врши замена со постојните наставници. За подолги отсуства се бара мислење од основачот и се вработува наставен кадар за замена.

### 6.4 Кадар и следење на развојните потреби на кадарот

Во училиштето има Програма за професионален развој на наставниците, се води грижа за идентификување на потребите за професионална надградба на наставниците. Наставниците имаат Лична професионална програма и професионални досеја.

Вреднувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби се врши преку посета на часови од страна на директорот, педагогот и психолог , увид во планирањата, и преку активностите на стручните активи. Во оваа учебна година има извршено посета на часови. Од страна на стручната служба извршен е увид во комплетирањето и припремите на годишните и тематско процесните планирања.

Во училиштето има стручни активи кои ги вклучуваат сите наставни предмети, редовно се состануваат и соработуваат особено во делот на изготвување на планирањата, унапредување на професионалниот развој, организирање на нагледни часови и сл.

Од разговорите со наставниците и посетените часови се констатира дека е евидентна потребата од континуирано стручно усовршување на наставниците за подобрување на стручните способности.

Директорот во рамките на можностите и планирањата обезбедува финансиска поддршка за професионалниот развој на наставниците, за учество на семинари и обуки.. Обуки наставниците посетуваат и на сопствен трошок или доколку истата е обезбедена од организаторот.

Следењето на развојните потреби на кадарот е добро.Наставниците од одделенска настава и предметните наставници кои реализираат настава во 6 одделение ја имаат следено обуката за новата Концепцијата за основно образование. Училиштето учествува во обуки и семинари кои го унапредуваат воспитно-образовниот процес. Изборот на наставници кои учествуваат на овие семинари е транспарентен и правичен.

Училиштето има план за дисеминација на знаењата стекнати од едукациите на наставниците.

Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот. Наставниот кадар има ажурирани портфолија за професионален развој и изготвени планови за Личен развој.

Училиштето има пропишано процедура за наставниците приправници за навремено определување на метори за реализација на приправничкиот стаж.

Во училиштето има еден наставник со звање наставник - ментор кој е на функција директор на училиштето. Во училиштето има еден наставник приправник во одделенска настава чиј ментор е наставникот(директорот) со звање ментор.

Училиштето ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој. Во училиштето се работи според Програма за усовршување и професионален развој на наставниците и таа е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето..

Во училиштето се врши континуирано стручно усовршување на наставниците за подобрување на стручните компетенции во одделенска и предметна настава, но како недостаток се дава акцент на инклузивните процеси за работа со ученици со посебни образовни потреби, за кои наставниците имаат потреба од дополнителни обуки.

Училиштето учествува во сите обуки и семинари кои го унапредуваат воспитно-образовниот процес, а има и евиденција за извршени дисеминации од страна на наставници кои посетувале обуки. Изборот на наставници кои учествуваат на овие семинари е транспарентен и правичен. Вреднувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби се врши преку посета на часови од страна на стручната служба и директорот во текот на учебната година.

Стручната служба и директорот уредно го контролираат ажурираањето на портфолијата за професионален развој на наставниците.Училиштето преку Тимот за професионален развој.

### 6.5 Управување, раководење со училиштето и финансиско работење

Управувањето, раководењето и финансиското работење во училиштето е во рамките на надлежностите кои ги имаат директорот и Училишниот одбор. Училиштето има донесено финансиски план за 2023 година. Училиштето има План за јавни набавки за 2023 година со дел. бр.05-40/1 од 31.01.2023 година, и измени на планот за јавни набавки бр.05-40/2 од 29.06.2023 год. и 05-40/3 од 20.10.2023 год. Во врска со јавните набавки, училиштето има формирано Комисија за јавни набавки (Решение арх.бр. 05-188/1 од 19.05.2023 год.), во истата нема член од Училишниот одбор, како механизам на директно следење и контрола од органот на управување.

Училиштето добива финансиски средства од буџетот на РСМ, а остварува и сопствени приходи преку сметката за самофинансирање, од издавање на спортската сала „Јордан Пиперката“ .

За финансиското работење училиштето ги информира органите и телата во училиштето, како и локалната власт преку полугодишниот и годишниот извештај.

# 7.Управување/раководење со училиштето и креирање на политика на училиштето

## 7.1. Управување и раководење со училиштето

Училишниот одбор (УО) е орган на управување и е конституиран согласно законската регулатива. Училишниот одбор ги извршува своите законски обврски, презема конкретни чекори за идентификување на состојбите, поставување на приоритети и предлагање иницијативи и активности за подобрување на постигањата на учениците како и на целокупниот воспитно-образовен процес.

Членовите на УО се со легитимен мандат, но немаат поминато обука за својата работа. Претседател на УО е родител.

Состаноците на Училишниот одбор се добро организирани, членовите уредно и навремено се поканувааат и секогаш се обезбедува потребното мнозинство за работа. За одржаните состаноци се водат записници. Училишниот одбор донесува одлуки, дава мислења, разгледува финансиски планови и извештаи. Работењето на училишниот одбор е транспарентно.

Соработката на Училишниот одбор со родителите, директорот и локалната самоуправа е на добро ниво.

Директорот на училиштето, како раководен орган, има професионален однос кон работата и како приоритет на своето работење го става подобрувањето на условите за работа на училиштето, дисциплината и постигањата на учениците. Работењето на раководниот орган е засновано на тимска работа и во таа насока донесува одговорни одлуки.

## 7.2. Цели и креирање на образовната политика

Целите и креирањето на училишната политика на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика. Овие цели се зацртани во Програмата за развој на училиштето, како стратешки документ, донесен од страна на Училишниот одбор. Во училиштето овие цели се насочени на подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес.

Во креирањето на училишните образовни политики активно се вклучени и родителите, преку формалните тела (Совет на родители, одборите на паралелките и на други начини).

Училиштето има изработено самоевалуација во која прецизно се забележани јаките страни во работењето, но и слабите страни, страните кои треба во иднина да се подобруваат.

Соодветно на детектираните слаби страни во самоевалуацијата, училиштето има донесено Програма за развој на училиштето. Во Програмата целите на развојната политика се прецизни, и јасно отсликани и сите опфатени, мисијата и визијата на училиштето, а при нивните поставувања се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците на локалната заедница. За сите поставени цели се изготвени акциски планови со носители на активностите со временски рок по години и континуирано извршување.

# Наоди и препораки

## Јаки страни

- ✓ Тимска работа
- ✓ Промовирање на постигањата на учениците
- ✓ Добра информираност на учениците за професионалната ориентација
- ✓ Стручниот соработник –педагог дава целосна поддршка на наставниците во процесот на планирање и реализација на наставата
- ✓ Дисциплина во училиштето
- ✓ Добра соработка со деловната заедница
- ✓ Добра училишна клима
- ✓ Управување и раководење во училиштето

## Слаби страни

- ✓ Не е формиран училишен спортски клуб
- ✓ Не сите наставници кои работата со деца со посебни образовни потреби имаат обука за планирање и работа со истите
- ✓ Членовите на Училишниот одбор немаат обука за нивните законски обврски
- ✓ Недоволен број на наставни средства и помагала кои можи да се користат во текот на учебната година посебно во ПУ
- ✓ Во училишниот двор во ПУ Суводол има стара руинирана зграда која претставува потенцијална опасност за безбедноста на учениците

## Препораки

- ✓ Да се превземат актиовности за формирање на училишен спортски клуб
- ✓ За сите наставници кои работата со деца со посебни образовни потреби да се обезбеди поддршка за планирање и работа со истите
- ✓ За членовите на Училишниот одбор за се обезбеди обука за нивните законски обврски
- ✓ Да се превземат активности за обезбедување на наставни средства и помагала кои можи да се користат во текот на учебната година посебно во ПУ
- ✓ Да се обезбедат активности за оградување на старата руинирана зграда во училишниот двор во ПУ Суводол која претставува потенцијална опасност за безбедноста на учениците

| | |
|---|---|
| Жаклина Наумовска, Раководител на инспекцискиот тим | |
| Весна Корлевска, Инспектор | |
| Антониела Стојаноска, Инспектор | |